РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 09 - 307/4
03.03 2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Sherbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 03 MAR 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26- | 200/14 | | |

**До**
**м-р Роберт Аџипетров, директор**
**Педагошка служба**
**Министерство за образование и наука**

**Предмет:** Давање мислење за стручно вреднување на учебници по предметот **Ликовна уметност за II година гимназиско образование**

Почитувани,

Врз основа на дописот бр. 26-200/13 од 18.02.2026 година со кој Педагошката служба бара од Бирото за развој на образованието да изготви стручни мислења за учебници со шифра: А, Б и В, по предметот **Ликовна уметност за II година гимназиско** образование.

Во согласност со решението бр. 02-307/2 од 19.02.2026, стручните мислења Ви ги доставуваме во прилог.

Со почит,

**ДИРЕКТОР**

**м-р Милка Тримчевска**

Прилог: Стручни мислења за учебниците по предметот **Ликовна уметност за II година гимназиско** образование

Изготвиле: Зоран Мазновски, Советник
Контролирал: м-р Афродита Давко, Раководител на одделение
Одобрил: Ајше Ајрулаи, Раководител на сектор

307/4

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# МИСЛЕЊЕ

За учебник по предметот **Ликовна уметност за II година гимназиско** образование со шифра А

По разгледувањето на доставениот ракопис за учебник по предметот **Ликовна уметност за II година гимназиско** образование со шифра А го даваме следното Мислење врз основа на наставната програма по Ликовна уметност за II година гимназиско образование, „Концепцијата за изработка на учебник" и „Методологијата за вреднување на учебник".

Од направената анализа на ракописот за учебник по **Ликовна уметност за II година гимназиско** образование, се утврди дека истиот е изработен во обем од 206 страници и во него се истакнати следните елементи: предговор, содржина, вовед, теми, наставни содржини, дознај повеќе, размисли и одговори, индивидуални активности, групна активност,активност во мали групи, истражувачка активност, групна дополнителна активност за талентирани ученици, активност, важно да се запамети, задачи за вежбање, домашна задача и завршни забелешки.

Ракописот за учебник е застапен со доволно наставни содржини што укажува дека бројот на содржините во учебникот соодветствува во целост со бројот на часови предвидени за реализација на секоја конкретна тема.

Содржините се развиени согласно стандардите за оценување од соодветните теми во наставната програма. Обемот и сложеноста на содржините кои се разработени целосно соодветствуваат на нивото на когнитивниот развој на учениците. Учебникот е усогласен со наставната програма и ги содржи сите теми и содржини.

Во ракопис за учебник се опфатени сите поими кои се утврдени во наставната програма. Ракописот за чебник располага и со дополнителни поими кои служат за проширување и продлабочување на знаењата на учениците и речник на пими, со што спаѓа во категоријата современи учебници и му помага на ученикот да го развива речникот, да го вежба прецизното изразување и да ги користи новите поими.

Во однос на критериумот поврзаност со учењето и поучувањето, ракописот за учебник е целосно структуриран и организиран да овозможи прегледност и лесно користење. Во ракописот за учебник се понудени размисли и одговори, задачи и активности за учениците кои целосно ги поттикнуваат да ги поврзуваат поимите/информациите и самостојно да извлекуваат заклучоци и истите се во насока

на постигнување на стандардите за оценување и резултатите од учење од наставната програма по **Ликовна уметност за II година гимназиско** образование.

Обработката на содржините се карактеризира со пристап кој е во соднос со стандардите и поттикнува критичко размислување, анализа и споредба на информации. Во ракописот за учебник се употребува стручна терминологија и целиот текст е напишан во ист стил.

Илустрациите соодветствуваат на возраста на учениците од **II година гимназиско** образование. Секоја илустрација, ликовно дело и фотографија има биографски податоци и визуелно е одделена од текстот. Во сите содржини, размисли и одговори, задачи и активности за учениците се посебно графички обликувани и логички распоредени. Сите илустрации, ликовни дела и фотографии се со јасна резолуција, а корицата е атрактивна и илустративно упатува на наставниот предмет на којшто се однесува.

Согласно горенаведеното се констатира дека ракописот за учебник ги содржи сите теми и содржини како што е предвидено во наставната програма. Бројот на содржините соодветствува во целост со бројот на часови предвидени за реализација на секоја конкретна тема. Понудените активности за учениците овозможуваат постигнување на резултатите од учење и стандардите за оценување од наставната програма. Нивото на тежина на содржините во учебникот соодветствува на нивото на когнитивниот развој на учениците. Ракописот за учебник е ликовно соодветен, современ и модерен.

Според тоа, ракописот за учебник за наставниот предмет **Ликовна уметност за II година гимназиско** образование со шифра А сосема ги задоволува барањата за усогласеност со наставната програма и **даваме позитивно мислење**.

Изготвил: Зоран Мазновски, советник

МИСЛЕЊЕ

За учебник по предметот **Ликовна уметност за II година гимназиско** образование со шифра **Б**

По разгледувањето на доставениот ракопис за учебник по предметот **Ликовна уметност за II година гимназиско** образование со шифра Б го даваме следното Мислење врз основа на наставната програма по Ликовна уметност за II година гимназиско образование, „Концепцијата за изработка на учебник" и „Методологијата за вреднување на учебник".

Од направената анализа на ракописот за учебник по **Ликовна уметност за II година гимназиско** образование, се утврди дека истиот е изработен во обем од 125 страници и во него се истакнати следните елементи: предговор, содржина, теми и наставни содржини, клучни поими, знаеш ли дека, активности, прашања, речник на поими и користена литература.

Ракописот за учебник е застапен со доволно наставни содржини што укажува дека бројот на содржините во учебникот соодветствува со бројот на часови предвидени за реализација на секоја конкретна тема.

Во ракописот за учебник се застапени сите теми. Содржините и поимите кои се разработени во ракописот соодветсвуваат со резултатите од учење и стандардите за постигнување на учениците. Ракописот за учебник на крајот содржи речник на поими, со што спаѓа во категоријата современи учебници и му помага на ученикот да го развива речникот, да го вежба прецизното изразување и да ги користи новите поими. Се констатира дека одредени поими не се детално разработени.

Обемот и сложеноста на содржините се разработени и соодветствуваат на нивото на когнитивниот развој на учениците.

Во однос на критериумот поврзаност со учењето и поучувањето во ракописот за учебник е структуриран и организиран да овозможи прегледност и лесно користење. Во ракописот за учебник се понудени клучни поими, знаеш ли дека, активности, прашања, речник на поими кои ги поттикнуваат да ги поврзуваат поимите/информациите и самостојно да извлекуваат заклучоци и истите се во насока на постигнување на дел од стандардите за оценување и резултатите од учење од наставната програма по **Ликовна уметност за II година гимназиско** образование.

Во ракописот за учебник се употребува стручна терминологија. Целиот текст во ракописот за учебник е напишан во ист стил. Во ракописот за учебник не се забележани јазични и правописни грешки.

Во однос на дизајнот и графичкото обликување учебникот обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините. Илустрациите во ракописот за учебник се посебно насловени, визуелно одделени од текстот и логички распоредени во содржините. Сите иустрации, ликовни дела и фотографии се со јасна резолуција, а корицата е атрактивна и илустративно упатува на наставниот предмет на којшто се однесува.

Во сите содржини, клучните поими, активности за учениците, знаеш ли дека и прашања за учениците се посебно графички обликувани и соодветно обележани.

Согласно горенаведеното се констатира дека ракописот за учебник ги содржи сите теми како што е предвидено во наставната програма. Бројот на содржините соодветствува во целост со бројот на часови предвидени за реализација на секоја конкретна тема. Понудените активности за учениците овозможуваат постигнување на резултатите од учење и стандардите за оценување од наставната програма. Нивото на тежина на содржините во учебникот соодветствува на нивото на когнитивниот развој на учениците.

Според тоа, ракописот за учебник по наставниот предмет **Ликовна уметност за II година гимназиско** образование со шифра Б сосема ги задоволува барањата за усогласеност со наставната програма **и даваме позитивно мислење.**

Изготвил: Зоран Мазновски, советник

МИСЛЕЊЕ

За учебник по предметот **Ликовна уметност за II година гимназиско** образование со шифра В

По разгледувањето на доставениот ракопис за учебник по предметот **Ликовна уметност за II година гимназиско** образование со шифра В го даваме следното Мислење врз основа на наставната програма по Ликовна уметност за II година гимназиско образование, „Концепцијата за изработка на учебник" и „Методологијата за вреднување на учебник".

Од направената анализа на ракописот за учебник по **Ликовна уметност за II година гимназиско** образование, се утврди дека истиот е изработен во обем од 113 страници и во него се истакнати следните елементи: предговор, содржина, теми, наставни содржини, клучни поими, знаеш ли дека, активности, прашања, речник на поими и користена литература.

Во ракописот за учебник се застапени доволно наставни содржини што укажува дека бројот на содржините во учебникот соодветствува со бројот на часови предвидени за реализација на секоја конкретна тема.

Ракописот за учебник ги содржи сите теми предвидени во наставната програма. Содржините се развиени согласно стандардите за постигнување од соодветните теми во наставната програма. Обемот и сложеноста на содржините кои се разработени соодветствуваат на нивото на когнитивниот развој на учениците. Ракописот за учебник согласно наставната програма ги содржи сите теми.

Во ракописот за учебник се опфатени сите поими кои се утврдени во наставната програма.

Во однос на критериумот поврзаност со учењето и поучувањето во ракописот за учебник е структуриран и организиран да овозможи прегледност и лесно користење. Во ракописот за учебник се понудени клучни поими, знаеш ли дека, активности, прашања и речник на поими кои ги поттикнуваат да ги поврзуваат поимите/информациите и самостојно да извлекуваат заклучоци и истите се во насока на постигнување на стандардите за оценување и резултатите од учење од наставната програма по Ликовна уметност за II година гимназиско образование.

Во однос на изборот и приказот на содржините, сите содржини се базирани на современи ликовни и научни сознанија. Обработката на содржините поттикнува

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

критичко размислување и самостојно изведување заклучоци. Во ракописот за учебник се употребува стручна терминологија. Целиот текст во учебникот е напишан во ист стил. Во ракописот за учебник не се забележани јазични и правописни грешки.

Илустрациите, ликовните дела и фотографиите во ракописот за учебник се со јасна резолуција а корицата е атрактивна и илустративно упатува на наставниот предмет на којшто се однесува.

Согласно горенаведеното се констатира дека ракописот за учебник ги содржи сите теми како што е предвидено во наставната програма. Бројот на содржините соодветствува во целост со бројот на часови предвидени за реализација на секоја конкретна тема. Понудените активности за учениците овозможуваат постигнување на резултатите од учење и стандардите за оценување од наставната програма. Нивото на тежина на содржините во учебникот соодветствува на нивото на когнитивниот развој на учениците.

Според тоа, ракописот за учебник за наставниот предмет Ликовна уметност за II година гимназиско образование со шифра **B** сосема ги задоволува барањата за усогласеност со наставната програма и **даваме позитивно мислење.**

Изготвил: Зоран Мазновски, советник

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

Ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр. 20, Скопје
Rr. „Rugjer Boshkoviq" nr. 20, Shkup
St. „Rugjer Boshkovikj" nr. 20, Skopje

+389 2 3064 131
www.bro.gov.mk